# МИСИОНСКИ
# ПРОПОВЕДИ





ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 5 април 2025*

## НАЧЕЛА НА ВИСТИНСКАТА ХРИСТИЈАНСКА СЛУЖБА
## 1. Петрово 4,10

**„Служете си еден на друг, секој со дарбата што ја примил, како добри управители на разнообразната Божја благодат“ (1. Петрово 4,10).**

Работете вредно за да го дадете најдоброто во службата за Господа. Но, ако вашиот труд не постигнува многу, време е да се запрашате дали ги следите библиските мерила. Редовното проценување на вашата служба според библиските мерила може да направи разлика меѓу успехот и неуспехот. Еве пет суштински начела за библиското извршување на проповедничката служба:

**1. Библијата нека стане ваш врховен авторитет.**

Прифатете дека Библијата, во својата целина, е најголемиот авторитет за верата и секојдневниот живот. Создадете навика да ја проучувате вредно, објективно и темелно. Согледајте ја секоја активност, план, нова идеја и црковна традиција низ призмата на Писмото за да видите дали сте во согласност со него. Кога го проценувате библискиот авторитет на некоја доктрина или активност, поставувајте си ги овие прашања:

* Која е основната идеја зад ова?

* Дали ова е заповедано во Писмото?

* Дали е ова според Божјата волја?

* Ако не е во прашање заповед, дали се работи за некое потребно и јасно библиско начело?

* Ако не е во прашање начело, дали активноста е дозволена во библиското учење, дали е во согласност со Писмото? Дали ова го доведов во согласност со сите поврзани библиски учења директно или индиректно?

* Дали тие активности ја одржуваат рамнотежата со сите други поврзани библиски вистини?

Бидете внимателни кога станува збор за концепти кои во моментот се популарни во образованието, забавата, медиумите и кои спојуваат погрешни идеи (како што е забелешката дека секој вид посветеност е нешто неразумно) со библиската вистина (која зборува за тоа како посветеноста ја одразува вистинската љубов и колку им е корисна на сите кои се вклучени во нејзиното изучување). Анализирајте ги советите, проповедањето, учењето на вашата црква во однос на Писмото, за да одредите дали се здрави и правилни.

**2. Помогнете ѝ на црквата да го усогласи својот живот со нејзината библиска цел.**

Верниците треба да го доживуваат богослужението во сите аспекти на својот живот – не само за време на саботното богослужение. Музичките точки во црквата треба да бидат изведувани на слава на Бога, а не на луѓето. Сите верници треба да имаат можност да учествуваат во песните и духовно да се поткренат. Службата на поучување во црквата треба да создава ученици. Важно е верниците да можат да се придружат на мали групи, а тоа ќе им помогне да бидат одговорни за својот духовен раст и да добијат поддршка и охрабрување кога ќе им биде потребно. Пасторот треба да се грижи за емотивните, духовните и материјалните потреби на своите верници. Црквата мора да има влијание во општеството во кое се наоѓа и поради тоа е важно да извршува служби кои се осмислени за доброто на локалната заедница.

**3. Дозволете му на Светиот Дух да дејствува**

Препознајте ги духовните дарови и таленти кои се потребни за да се оствари целта на црквата, како што се духовните дарови на проповедање, проучување и управување; способност за водење богослужба во духот на вистината; способност за објавување на Божјата вистина преку проповедање; способност за проучување на Библијата со другите; способност за препознавање на духовните потреби на некои личности за упатување мудри совети; способност за согледување на практичните потреби на верниците во црквата и исполнување на тие потреби; способност за здобивање луѓе за Христа; способност за служење на физичките и општествените потре-

би на заедницата на начини кои луѓето ќе ги привлечат кон Бога. Црквата треба да му помогне на секој верник да ги открие и во потполност да ги развие и употреби во служба своите дарови и таленти, онака како што Бог го повикува да прави. Кога во целост не се исполнува целта на вашата црква, молете се Светиот Дух да помогне во таквата ситуација.

Охрабрете ги верниците често да се молат – не само за своите лични потреби, туку и за духовните потреби на луѓето кои ги познавате – луѓето во вашата локална заедница и луѓето ширум светот кои сè уште не слушнале  за Евангелието. Поттикнете ги да упатуваат молитви исполнети со вера кои покажуваат дека го очекуваат Божјиот одговор. Важно е црквата да научи како секојдневно да зависи од неограничената сила на Светиот Дух, наместо да се потпира на сопствените ограничени способности.

**4. Секој Христов следбеник нека биде вклучен во Божјиот план за проповедање на Евангелието**

Црквата треба да го поттикне секој верник да го прифати Исусовиот повик да им сведочи на другите за силата на Евангелието во напорите за спасување на изгубеното човештво. Таа треба да им помогне на своите верници да научат како да им покажат и раскажат на другите како Исус дејствува во нивниот живот. Водачите на црквата трпеливо треба меѓу членовите да бараат луѓе кои имаат посебен дар за евангелизам и да им обезбедат обука која им е потребна за да станат уште поуспешни додека ги користат своите духовни дарови. Црквата треба да научи повеќе за луѓето до кои вистината сè уште не допрела. Верниците треба да се грижат за тие луѓе и да направат нешто во врска со тоа. Планирајте краткорочни мисионски акции и темелно подгответе се за нив; потоа поттикнете ги мисионски ориентираните верници пред црквата да ги изнесуваат своите искуства. Верниците често нека се молат за глобалната мисионска работа и нека посредуваат за посебните потреби на оние кои се вклучени во него. Исто така, важно е сите да научиме како според библиските начела да управуваме со парите. Ние ќе растеме во својата духовна зрелост на тој начин што ќе вложуваме финансиски средства во служба на црквата.

**5. Да го следиме Исусовиот пример слуги – водачи**

*Исус нека би*де Господар на нашиот живот и служба. Да гледаме на Исус како на најголем пример на службата и водството. Но, за да ги спречиме водачите во нашата црква од злоупотребата на личната моќ, мораат да постојат правила. Водачите нека се служат со авторитетот на начин со кој ќе се охрабрат едни со други да се сметаат себеси одговорни за водство со интегритет. Љубовта кон Бога и другите луѓе нека биде главна мотивација за службата на водачите на црквата. Не треба да ја изгубиме од вид Божјата цел за Неговата црква. Во црквата е потребно да служиме. Да не седиме со скрстени раце, туку да преземеме иницијатива и да ги исполниме потребите што ги гледаме. Драговолно и подготвено да служиме. Делата на сите верници нека зборуваат погласно од нивните изјави за тоа колку се сериозни во својата вера. Да бидеме понизни. Често да упатуваме молитви полни со вера. Да работиме на изградбата на единството во црквата охрабрувајќи ги верниците меѓу себе да градат срдечни меѓучовечки односи. Да се поттикнуваме едни со други за да бидеме исполнети со Светиот Дух и да дозволиме да бидеме понизно водени од Духот и библиските начела.

*Сабота 3 мај 2025*

## ШТО ДА ПРАВИТЕ КОГА ЌЕ СНЕМА ВИНО
## Јован 2,1-11

Првото Исусово чудо се случило во местото наречено Кана Галилејска, за време на свадба. Кана била незабележително гратче кое се наоѓало во близина на Назарет. Кана во свое време не била општествено издигната. Всушност, на библиските истражувачи им биле потребни 1800 години да сфатат каде овој град воопшто и се наоѓал.

Исусовата мајка Марија, Исус и Неговите ученици биле поканети на свадба. Бидејќи општествената положба била многу важна во

еврејската култура, во тоа време, претпоставуваме дека ова било венчавка на просечни луѓе од гледиште на финансиите. Бидејќи Марија била сиромашна, таа никогаш не би била повикана на свадба на некои богати луѓе. Интересно е да се забележи дека Исусовата служба, како и Неговото раѓање, се одвивала во мал, безначаен град со обични секојдневни луѓе.

Венчавките биле, и сè уште се, голема работа во еврејската култура. Постои одреден протокол кој мора да се следи. Ако невестата била девица, венчавките се одржувале во среда. Ако младоженецот бил вдовец, венчавањето би било во четврток.

Свадбената церемонија почнувала доцна навечер по гозбата. Таткото на невестата ја земал својата ќерка под рака, и со свадбената поворка зад себе, двајцата дефилирале низ улиците на нивното место, за да можат сите да излезат и да ѝ честитаат на невестата. Конечно свадбената поворка стигнувала во домот на младоженецот. Венчавањето се одвивало пред влезот во домот на младоженецот. Тоа не било кратка церемонија... прославата траела со денови. Тоа било време на големи прослави. По свадбената церемонија, невестата и младоженецот оделе по улиците следени од луѓето кои поселе запалени факли. Покрај нив оделе оние кои им држеле балдахин над главата. Свадбената поворка секогаш одела по најдолгиот пат во местото, со цел што повеќе луѓе да им посакаат среќа.

Медениот месец тогаш не бил вообичаен. Домот на новата двојка цела недела бил отворен. Кон нив се однесувале како кон кралска двојка. Се облекувале во убава облека, а некои носеле и круни на главите. Било каква желба и да имале, им била исполнувана. Нивниот збор бил закон! По правило, семејството на младоженецот требало да ја обезбеди сета храна и пијалак за оваа недела на прославување. И сега, знаејќи ги сите овие информации, почнуваме да го читаме нашиот библиски цитат од Јован, 2,1-11: »На третиот ден имаше свадба во Кана Галилејска и мајката на Исус беше таму. На свадбата беа поканети и Исус и Неговите ученици. А кога привирши виното, Му рече мајка Му на Исус: 'Им снема вино.' Исус ѝ рече: 'Што бараш од Мене, жено? Уште не дошол Мојот час'. Но мајка Му Негова им рече на слугите: 'Сè што ќе ви рече, направете!' А таму имаше шест камени садови за вода, поставени за миење, според ју-

дејскиот обичај, што собираа по две до три мери. А Исус им рече: 'Наполнете ги садовите со вода!' И тие ги наполнија до горе. Па им кажа: 'Нацрпете сега и однесете му на старосватот!' И му однесоа. И кога вкуси старосватот од виното, што беше станало од вода - а тој не знаеше од каде е, но слугите, што ја беа донеле водата, знаеја - тој го повика младоженецот, и му рече: 'Секој човек најнапред го изнесува доброто вино, а кога ќе се поднапијат гостите, тогаш полошото; но ти си го чувал доброто вино до сега'. Така направи Исус почеток на Своите чуда во Кана Галилејска и ја покажа славата Своја; и учениците Негови поверуваа во Него."

Домаќинот открил дека им завршило виното. Имале повеќе гости отколку што очекувале. Во културата од тоа време недостатокот на вино значело лошо гостопримство, а тоа било срам за домаќините. Евреите не се опијанувале на овие прослави – пијанството било срамно. Но домаќинот би можел да биде обвинет за кршење на правилата на гостопримство пред своите гости. Очигледно е дека немале повеќе пари за да одат да купат уште вино.

Можеме да претпоставиме дека Исусовата мајка била блиска пријателка на мајката на младоженецот и така дознала за овој проблем.

Марија му пристапила на Исус и му се обратила: Сине, имаме проблем и потребна ни е твојата помош, на семејството му снемува вино!

Фактот дека Марија дошла кај Исус со таквиот проблем, ни зборува дека Исус се грижи за секојдневните работи во нашиот живот.

Исусовиот одговор на мајката изгледа малку грубо, но Тој не бил груб, туку ѝ одговорил на својата мајка на љубезен начин и на начин кој се сметал за учтив во еврејската култура. Исус веќе почнал да се насочува кон својот живот на служба и поради тоа почнал да се одвојува од семејството.

Јован, Исусовото прво чудо го нарекува знак. Знаците обично се поставуваат за да ни дадат некоја информација или да нѐ насочат кон одреден правец. Христовите чуда секогаш имале за цел да ја откријат Божјата слава и да нѐ насочат кон Неговиот карактер. Ајде да погледнеме што значи овој прв знак за нас денес.

**I. Овој знак ни зборува дека виното не може да го снема**

**А. Марија ја сфатила сериозноста на ситуацијата. Тоа можете да го слушнете од нејзините зборови „Немаат вино“.**

1. За еврејскиот народ виното е симбол на радоста. Еврејските рабини имале изрека: „Без вино нема радост“. На свадбата во Кана исчезнала радоста!
2. Изјавата на Марија ја означува и празнината на нашиот живот без Христа.
3. Изјавата на Марија не се однесува само на течното освежување на свадбата. Таа е симбол на нашиот живот. Застрашувачки е кога „ќе снема вино“.

Илустрација: Ако се спомне името „Ернест Хемингвеј“, повеќето од нас нема да ги знаат сите детали од неговиот живот, но речиси сите знаат дека тој бил познат писател. Хемингвеј бил одличен раскажувач. Многу од неговите книги се сметаат за класици. Неговата книга „Старецот и морето“, која ја напишал додека живеел на Куба, ја открива неговата генијалност. 1954 година ја освоил Нобеловата награда за книжевност. Во раните години живеел со полн капацитет. Во текот на Првата светска војна бил новинарски известувач и возач на амбулантна кола. Учествувал во Шпанската граѓанска војна. Имал многу пријатели, од матадори до писатели. Што и да работел, го сработувал до крај, „го пиел природното вино на животот“. Но, дошол ден кога снемало „вино“. Карлос Бекер вака го опишува овој момент во биографијата на Хемингвеј:

- Тоа неделно утро се разденило ведро и без облаци. Ернест се разбудил рано, како и секогаш. Ја облекол црвената „царска наметка“ и тивко се симнал по тапацираните скали. Раното утринско сонце ги испружило своите долги раце на подот од дневната соба. Забележал дека пушките се заклучени во подрумот, но клучевите, како што добро знаел, биле на прозорецот над кујнското лавабо. Тивко, на прсти се симнал во подрумот и ја отклучил вратата на магацинот. Воздухот бил застоен како во гробница. Ја избрал сачмарката со две цевки. Со години ја користел за гаѓање гулаби. Зел неколку куршуми од една кутија во магацинот, ја затворил и ја заклучил вратата и се качил нагоре по скалите. Иако го забележал ведриот

ден надвор, тоа сепак не му ги нарушило плановите. Ја поминал дневната соба во предниот дел, во простор сличен на некој храм, со ѕидови поплочени со дабовина и под со плочки од линилеум... ставил два куршума во пушката, внимателно го спуштил кундакот на пушката на подот, се наведнал напред, ја потпрел двоцевката на челото, веднаш над веѓите, и ги повлекол двата орози.

**Б. Постојат моменти кога ќе исчезне виното (сета радост)**

1. Еден човек седнал покрај масата со разочаран израз на лицето. Тој дошол да го посети својот најдобар пријател, трговец со акции, за кој знаел дека навистина минува низ тежок период; тоа утро го пронашле мртов во автомобилот со црево кое доаѓало од ауспухот.
2. Семејства кои некогаш биле преполни со радост, сега трпат болка од развод – зошто? Нема повеќе радост во заедницата.
3. Постојат и оние кои не одат до екстремни ситуации, но не го живеат животот, едоставно го поднесуваат. Тие плутаат од еден до друг ден.
4. Вие и јас немаме никакво средство за да можеме сами да ја замениме радоста. Новото вино може да дојде само од Исуса Христа.

**II. Овој знак ни дава поука дека, кога ќе снема вино, Исус може водата да ја претвори во вино.**

А. Марија дошла кај Исус и му го раскажала проблемот што го имале домаќините. Можеме да ја замислиме како ѝ зборува на мајката: „Чекај малку! Знам што треба да направам". Отишла кај Исус и му раскажала. Нејзиното упатство до слугите било многу симпатично: Што и да ви каже, вие направете така! Едноставно направете го!

1. Исус ги искористил садовите за вода, кои биле наполнети со вода за миење на рацете кога гостите доаѓале на свадбата. Кога гостите доаѓале, некој им истурал по малку од таа вода над нивните раце во знак на симболично чистење. Да се јаде со нечисти раце, тоа претставувало обесветување. Исус им кажал на слугите да ги наполнат садовите за миење со вода и од таа вода создал околу 680 литри вино. Каков подарок за свадба! Интересно е да се забележи дека Исус искористил водата за чистење и ја употребил за своето

прво чудо. Водата во тие садови служела само за надворешно чистење. Исусовата служба во текот на следните три години ќе биде служба на внатрешно чистење на народот.

2. Додека го гледаме првото Исусово чудо, го воочуваме следното: Исус не само што е дарител на радоста, Тој е дарител на изобилна радост. Тој не само што ги исполнил нивните непосредни потреби туку им дал и вино во изобилство:

а. Исус не создал обично вино. Виното кое Тој го направил било подобро од она со кое ја почнале свадбата.

б. Исус не ја „зачинил“ водата само за да има вкус на вино, туку водата во садовите била променета во најдоброто вино кое луѓето некогаш го пробале.

в. Вистината што ја пронаоѓаме во овој знак: Исус не сака малку да го залечи нашиот живот, да стави фластер преку нашите потреби – Тој сака да го промени нашиот живот, онака како што ја променил водата и нашиот живот ќе добие нова природа.

**Б. Исус изведува промени. Тој ја претворил:**

* водата во вино;
* намуртениот израз на лицето во насмевка;
* стравот во песна на надеж;
* пустината во градина;
* тагата во радост;
* гревот во благосостојба и
* смртта во живот.

**III. Овој знак ни дава поука дека Исус ни нуди во изобилство ново вино**

А. Понекогаш не можеме да сфатиме зошто Бог не се грижи само за нашите најосновни потреби, туку ни ги дава во изобилство.

1. Ова е извештај за благосостојба. Благосостојбата не може да се мери. Секогаш ќе ја има доволно за да ги исполни сите наши потреби.
2. Ова е извештај за Божјата љубов. Не постои ништо што ќе го наведе Бог да престане да нè сака.

3. Ова е извештај за Божјиот карактер. Бог не е само Бог на она што е потребно – Тој е Бог на изобилството:

а. Малахија 3,10: „Донесете ги сите десетоци во ризницата, па да има храна во Мојот дом, и потоа испитајте Ме, вели Господ Саваот: зар нема да ги отворам отворите небески за да излијам благослов на вас, па да имате и на претек?"

**б. Не само доволно, туку изобилно.**

Погледнете ја природата – дали некогаш сте биле на некоја убава планина? Некаде, каде што постои изобилство од убавина. Бог не ни дал само „доволно" убавина, туку таа во потполност нè опкружува. Дали некогаш сте биле на брегот на морето и сте гледале кон широката морска шир? И таму постои многу повеќе убавина, отколку што нашите очи може да впијат. Дали некогаш сте виделе поле со диви цвеќиња? На една полјана не расте вкупна количина на цвеќе доволна за да се наполни една вазна, туку го има во изобилство. Тоа е сликата на благодатта. Бог секогаш ни дава многу повеќе од она што некогаш ќе ни биде потребно!

4. Настанот продолжува со сипување на виното и радоста на сите присутни поради богатството на ова „ново вино":

а. Тоа било сосема спротивно на обичаите. Најдоброто вино секогаш прво се послужувало.

б. Таков е нашиот Господ. Најдоброто секогаш доаѓа на крај. Благодатта која еднаш сме ја вкусиле внимателно – сега ја пиеме слободно. Исус во нас го излеал богатството на својата љубов и проштавање.

в. Меѓу нас е Оној кој го сипува богатото „вино". Го има во изобилство за секого!

**Повик**

Што да правите кога ќе ви снема вино? Марија на ова прашање одговорила со свој пример. Им рекла на слугите да направат онака како што Исус ќе им заповеда и ќе доживеат чудо. Чудо, кое не ги исполнува само нашите непосредни потреби, туку чудо на изобилство. Дали денес ви ја снемало радоста? Исус сака да ве промени! Донесете Му ги своите потреби!

*Сабота, 7 јуни 2025*

## БОГ ГИ КОРИСТИ СЕКОЈДНЕВНИТЕ ЛУЃЕ: ТАВИТА
**Дела 9,36-42**

Познатите луѓе често земаат други имиња. Еве неколку примери:

* Чак Норис, всушност е Карлос Реј Норис.

* Актерката Вупи Голдберг е Карин Џонсон.

* Писателот Марк Твен се викал Самјуел Лангхорн Клеменс.

* Магионичарот Дејвид Коперфилд е роден како Дејвид Коткин.

* Популарната Мерлин Монро е родена како Норма Џин Мортенсон.

Зборувајќи за секојдневните луѓе кои Бог ги користи, сакам да ви ја претставам жената која имала повеќе имиња. Позната е како Тавита или Дорка, што значи Срна. Ве молам да отворите Дела 9,36: »А во Јопија беше една ученичка по име Тавита, што преведено на елински значи Срна. Таа беше полна со добри дела и милостини, што ги правеше“.

Тавита било нејзиното арамејско име, а Дорка грчко име. Нејзините две имиња значеле Срна. Во тоа време го почитувале обичајот според кој на убавите жени им се давале прекари и тоа според некои животни, а срната била препознатлива по прекрасните очи и брзи нозе. Тавита живеела во градот Јопа во Палестина. Јопа се наоѓала околу 47 километри северозападно од Ерусалим. Ова морско пристаниште Соломон го користел за увоз на дрво кое се користело за изградба на Храмот, а градот бил познат и како град во кој Јона побегнал за да се качи на бродот кој пловел за Тарсис.

Интересно е што не знаеме ништо за она што го зборувала Тавита, но знаеме многу за она што таа го работела. Немаме никаков извештај за нејзините зборови, но знаеме доволно за нејзините дела, бидејќи за нејзиниот живот во службата се зборувало гласно. Повеќето коментатори мислат дека таа била вдовица или немажена, бидејќи не се споменува ниту еден маж во нејзиниот живот. Же-

ните за време на Исусовата служба на земјата имале посебна положба кај Него. Го придружувале на Неговите патувања и давале финансиска помош. Тие останале покрај Него додека висел на крстот и биле првите сведоци на Неговото воскресение. Додека го читаме Новиот завет, гледаме колку жените  биле вклучени во ширењето на круговите на ученици во првата црква.

Само во Римјаните, во 16-тата глава читаме за Фива, Прискила, Марија, Трифена, Трифоса и Персида. За трите последни се вели дека многу се труделе во Господа. Додека ја гледаме Тавита, можеме да научиме три работи за неа:

**1. Била посветена ученичка**

Таа била позната како ученичка или следбеничка на Исуса Христа. Всушност, таа е единствената жена во Новиот завет која се опишува како ученичка. Тоа е речиси восхитувачки кога ќе забележиме дека таа титула не ѝ е доделена ниту на Марија, ниту на Јуниа, ниту на Прискила, а ниту, пак, ни на која било друга жена. Таа се истакнувала како верна Христова следбеничка. Била толку посветена и може да ја опише само статусот „ученичка“. Ученик е оној што учи, следи и кој е решен да биде сличен на неговиот учител.

Лука 6,40: „Нема ученик поголем од својот учител; но секој што ќе се усоврши, ќе биде како и учителот негов“. *Еден од најголемите комплименти би било кога би можело да ви се каже: „Се однесуваш како Исус*“. Тоа би можело да се каже за Тавита. Знаеме дека таа имала чувствително срце, како Христовото.

*Во Матеј 9,36  пишува:* „А штом виде многу народ, се сожали, зашто беа изморени и беспомошни како овци без пастир“.

**2. Правела добри дела**

Неа не ја погодувале непосредните потреби на луѓето; таа реагирала на потребите кои сама ги воочувала. Ѝ служела на својата заедница и луѓето знаеле дека тоа е поради нејзиниот Спасител. Тоа бил нејзиниот идентитет. Таа била спасена за да служи. Всушност, секој посветен ученик прави добри дела. Таа воопшто не била мрзелива, туку брзо реагирала кога некому му била потребна помош.

Срна била посветена ученичка која своите дарови и способности ги користела за напредокот на царството.

Библијата вели дека секогаш правела добри дела. Тој израз во буквален превод би значел дека била „полна со добри дела". Зарем не би се согласиле дека има многу повеќе луѓе кои се полни со зборови, а многу малку такви кои се полни со дела? Нејзиниот свет обичај бил секогаш да прави добри дела. Во Галатите 6,10 вели: „И така, додека имаме време, да им правиме добро на сите, а најмногу на своите по вера". Она што таа го работела ја правело многу убава: нејзината убавина не се однесувала на надворешниот изглед, туку многу повеќе на внатрешната убавина која била последица на нејзините чувства. Во американската граѓанска војна една медицинска сестра, која била на страна на Унијата, работела меѓу ранетите војници. На лицето имала страшни лузни од пожарот што го доживеала како дете. Кога ја прашале зошто доброволно работи на место на смрт и несреќа, таа одговорила: „Ранетите војници не ги гледаат моите лузни како другите. За нив изгледам убаво".

Тавита не правела ништо херојско како Девора или опасно како Рава. Таа едноставно му служела на својот Спасител служејќи им на оние кои се наоѓале на маргините. Тавита е модел на посветен ученик кој своите добри дела ги извршува на тивок, пожртвуван и на нефалбаџиски начин.

**3. Им помагала на повредените**

Тавита секогаш правела добро. Таа имала срце кое секогаш било подготвено да им помогне на повредените и безнадежните. Вдовиците во нејзино време немале пензија или социјална помош. Ако имале среќа, за нив се грижеле членовите на нивните семејства или нивната црква. Ајде да го погледнеме последниот дел од 26 стих: „милостини, што ги правеше". Триесет и деветтиот стих ни открива дека Тавита била којачка. Бидејќи во Јопа немало продавница за гардероба, во културата од тоа време, правењето облека било задача на жената. Но, таа правела многу повеќе од шиењето. Таа е слика на жената од Мудри изреки 31 глава. Да ги прочитаме стиховите

19 и 20: „Со рацете посегнува по предилката, и со прстите го држи вретеното. Ја отвора својата дланка на бедниот, ги испружува рацете кон оној кој има потреба“.

Во книгата со наслов „Завера на љубезноста“ од Стивен Сјорген (“The Conspiracs od Kidness“, Steve Sjorgen), е кажано дека, иако помалку од 10% од христијаните имаат духовен дар на евангелизам, 90 % имаат дар на служба. Црквата на Стивен во Синсинати се занимавала, како што е запишано во книгата, со евангелизација со служење, при што миеле коли, чистеле тоалети, чистеле кондури, печеле хамбургери во паркот – сето тоа бесплатно, без никакви обврски. Во текот на тие експлозии од љубезност се покажало дека имало многу луѓе кои биле толку воодушевени од нивните дела, што најпосле дошле во црква и се преобратиле.

Тоа нѐ потсетува на зборовите од Матеј 5,16: „Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да Го прослават вашиот Отец небесен!“. Еве го начелото: Малите работи направени со голема љубов ќе го променат светот. 1. Петрово 4,10 ја заклучува важноста на службата: „Служете си еден на друг, секој со дарбата што ја примил, како добри управители на разнообразната Божја благодат“. Со нашата служба на другите, црквата се јакне и изгубените се приближуваат кон Христа. Очигледно е дека Тавитиното сочувство и нејзиниот придонес биле многу важни за црквата во Јопа, бидејќи, кога таа умрела, Бог ја воскреснал. Да ги погледнеме стиховите 37-39: „Во оние денови се разболе и умре; ја искапија и ја ставија во горната соба. А бидејќи Лида е близу до Јопија, учениците чуја дека Петар е во Лида и испратија при него два човека со молба: ’Не се двоуми да дојдеш до нас!’ А Петар стана и отиде со нив. Кога дојде, го одведоа во собата; и му пристапија сите вдовици плачејќи и покажувајќи му ги туниките и облеките, што ги правеше Срна додека беше со нив.“

Луѓето плачеле бидејќи нејзината смрт значела и нивна смрт. Додека го опкружувале Петар, ги покажувале делата на Тавита, укажувајќи на облеката. Изразот „ туниките и облеките“ во оригинал се однесува на долниот веш и облека. Тавита правела сѐ што носеле.

Биле целосно облечени во нејзиното сочувство. А нивната облека направена по мерка, покажува дека Тавита секој од нив го гледала како поединец.

Ова е е вознемирувачка глетка од животот на раната црква. Петар, без сомнение се сетил на искуството кое го имал со Исус во Марко 5,41, кога било воскреснато едно девојче. Кога го видел сиот овој метеж и плач, Исус ги натерал луѓето да излезат надвор и потоа, додека Петар, Јаков и Јован ја гледале, „И кога го фати детето за рака му рече: 'Талита куми!'- што значи: 'Девојче, Јас ти велам стани!'" Сега Петар менува само еден збор и ги изговара зборовите: „Тавита, стани!" И таа станала. Да го погледнеме и остатокот од овој стих: „А Петар ги истера сите надвор, клекна на колена и се помоли; и се сврте кон мртвото тело и рече: 'Тавита, стани!' А таа ги отвори очите, и кога го виде Петра седна. А тој и ја подаде раката и ја подигна. Потоа ги повика светите и вдовиците и им ја покажа жива!" (стихови 40 и 41)

Некои од нас се скептични додека читаме еден ваков извештај. Дали Бог и денес прави такви чуда? Разни самопрогласени исцелители прават шоу програми и ние со право се прашуваме што е вистина. Интересно е што никој од нив не тврди дека може да воскреснува мртви! Таквите чуда се потполно запрепастувачки, но во Писмото не е нешто што е невозможно. Во Библијата можеме да пронајдеме најмалку десет случаи на воскреснување:

* Илија го подигнал синот на вдовицата (1. Царевите 17,17-22).
* Елисеј го воскреснал синот на жената Сунамка (2. Царевите 4,32-35).
* Човекот кој оживеал кога неговото тело ги допрело коските на Елисеј (2. Царевите 13,20.21).
* Исус го воскреснал синот на вдовицата (Лука 7, 11-15)
* Исус ја воскреснал ќерката на Јаир (Лука 8,49-56).
* Исус го воскреснал Лазар (Јован 11,1-44).
* Исус воскреснал од мртвите (Матеј 28,5-10).
* Други кои станале при Исусовото воскресение (Матеј 27,50-53).

* Постои и еден интересен пример: Еден млад човек, Евтих длабоко заспал за време на проповед, паднал од прозор и умрел. Павле го подигнал и го вратил од мртвите и потоа продолжил да проповеда до изутрина – овојпат Евтих останал буден (Дела 20,9.10).
* И примерот кој денес го проучуваме: како Исус преку Петар ја воскреснал Тавита.

Не знаеме што понатаму се случило со Тавита, но најверојатно не отишла да патува и да проповеда за своето искуство. Повеќе од веројатно е дека, откако ѝ се вратила силата, продолжила со својата тивка и ненаметлива служба. Чудата треба да го величаат Бог и да служат за ширење на добрата вест за Неговата слава. Ако слушнете како некој тврди дека направил чудо и го насочува вниманието кон себе, треба да бидете внимателни.

Да го погледнеме 42. стих: „Тоа се разгласи по сета Јопија и мнозина поверуваа во Господа“. Некои меѓу вас навистина се одлични во своите дела служејќи, бидејќи Бог ви дал посебна способност да служите. Можеби тивко ги правите делата на љубезност како Тавита. Ги забележувате потребите кои другите не ги воочиле и наоѓате радост додека ги исполнувате. Ова е една од најважните евангелски методи, бидејќи со евангелизацијата на служење допираме до луѓето до кои никој не може да допре. Служењето го крши цинизмот и раката која помага го омекнува и најтврдото срце. Било да се работи за подготвување оброци, шиење облека, поправање автомобил, ѕидање или служење во јавна кујна, Бог може да ве употреби на луѓето да им укажете за Христа.

Фрањо Асишки еднаш рекол: „Секогаш проповедајте го евангелието. Ако е неопходно, користете и зборови“. Додека го проучуваме ова, можеме да се запрашаме зошто Тавита станала од мртвите, а некој, како што е Стефан, не. Тој бил погубен поради својата вера во Ерусалим и се чини дека на луѓето во престолнината би оставило силен впечаток кога би бил вратен во живот меѓу луѓето, во јавноста. Но тоа не се случило. А овде имаме една тивка жена која е вратена во живот во мал град, во приватна горна соба. Зошто таа била воскресната? Дали затоа што била одличен учител што нема кој да го

замени? Дали таа била голем финансиски дарител? Дали била чудотворец? Не! Таа станала од мртвите бидејќи Бог не сакал да исчезне сочувството во Неговата црква! Црквата треба да е позната по добри работи, но најмногу по тоа што таа сочувствително се грижела за луѓето кога имале најголема потреба од помош. Кога Тавита умрела, настанала криза на сочувството во црквата.

Петар ја повикал Тавита да стане и таа тоа го направила. Бог нè повикува сите нас поединечно да станеме и да се влучиме во делото на сочувство. Библијата вели дека сме мртви во нашите престапи и гревови. Воскреснуваме во нов живот за да служиме како што служела Тавита, користејќи го она што имаме за да го направиме она што можеме. Да бидеме посветени ученици кои прават добри дела и им помагаат на повредените и унесреќените.

Вистинската мера на нашиот успех како црква не се дефинира само со она што се случува овде „внатре", туку и со она што се случува „таму надвор". Јаков во 1,27 вели „Ова е чиста и неизвалкана побожност пред Бога и Таткото: да бидат посетувани сираците и вдовиците во нивните неволји, и самиот да се пази себеси непорочен од светот". На сите добро им е позната оваа вистинска изрека: Никој не може да направи сè, но секој може да направи нешто. Јаков 2,14-17 ни претставува важен исечок од Писмото: „Каква е ползата, браќа мои, ако некој рече дека има вера, а нема дела? Може ли верата да го спаси? Ако некој брат или сестра се голи и без секојдневната храна, па некој од вас им рече: 'Одете си во мир, стоплете се и наситете се!' а не им даде она, што им е потребно за телото, каква е ползата? Така и верата: ако нема дела, мртва е сама по себе".

Денес можеме да се запрашаме дали Тавита воскреснала затоа што немало никој друг да остане и да го заземе нејзиното место? Зошто немало никој друг? Дали меѓу нас постојат посветени ученици кои треба да станат и да почнат да прават добри дела во полза на повредените? Време е да станеме! Не смееме да дозволиме сочувството да изумре во оваа црква!

**Градиво за саботна школа**

МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ
2/2025

**Излегува тримесечно:**

**Издава:**
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

**Подготвил:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**За интерна употреба**